РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2064/2
16-02-2022 г./v.

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 62-рата седница одржана на 15.02.2022 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-2064/1 од 2021 година, во која се изразува незадоволство од спроведување судска постапка, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, по наведениот предмет постапил надлежен орган, во конкретниот случај Судски совет на РСМ.

Предметот со број 12-2064/1 од 04.06.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на познати подносители, на ден 04.06.2021 година, поднесена е пријава во која се изразува незадоволство од спроведување на судска постапка и оформен е предмет број 12-2064/1 од 04.06.2021 година.

Во пријавата подносителите бараат да се реши предмет ------------, кој подолг временски период, повеќе од година дена е примен во Врховниот суд на РСМ за решавање по поднесена ревизија.

Понатаму, пријавителите се обратиле и до повеќе институции со претставка, вклучувајќи го и Судскиот совет на РСМ. Од страна на Судски совет добиле Решение со кое се констатира дека наведените повреди биле застарени и постапката е запрена.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, односно ДКСК нема надлежност да решава предмет во судска постапка. По наведениот предмет постапил надлежен орган, Судски совет на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: С.М.
Одобрил: м-р Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk